Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите **ЕКВАЛИТИКО** Скопје

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА

*Годишниот наративен извештај го опфаќа периодот од јануари 2025 до декември 2025г.*

**Здружението Еквалитико официјално е регистрирано во септември 2023год.**

**Визија**

Визија на здружението е постигнување на еднакво и инклузивно општество и општа благосостојба на сите граѓани преку креирање на родово одговорни и праведни социјални политики на локално и национало ниво.

**Мисија**

Мисијата на здружението е активна работа за промовирање и постигнување на еднакви можности на сите граѓани во сите сегменти на општественииот, економскиот и јавниот живот, развој на мултикултурно општество, толеранција и недискриминација.

**Стратешки Цели на Здружението се:**

1. Промовирање на еднаквите можности, родовата еднаквост, недискриминација и толеранција
2. Надминување на стеротипите и искоренување на предрасудите во сите области и врз сите основи
3. Делување во насока на економска и социјална правда за сите граѓани пред се за маргинализираните групи граѓани
4. Помош и поддршка на жени и девојки жртви на семејно и родово базирано насилство и отстранување на сите облици на насилство врз сите граѓани согласно меѓународните и националните документи
5. Економско јакнење на жените и младите
6. Промовирање на мирни општества преку вклучување на жените, девојки и младите во промовирање на безбедност, сигурност и инклузивен и одржлив мир
7. Лобирање и застапување за креирање на родово одговорни и праведни економско –социјални политики за сите граѓани
8. Поттикнување на младинскиот активизам и креирање на младински политики
9. Промовирање и заштита на човековите права на интернет преку зајакнување на капацитетите на граѓаните за следење на процесите на дигитализација
10. Јакнење на капацитетот на своите членови и зголемување на базата на волонтери и членови

11. Вмрежување со други граѓански организации на локално, национално и меѓународно ниво

## Активности спроведени во 2025 година

Активностите на Здружението ЕКВАЛИТИКО во текот на 2025 година се одвиваа согласно Програмата за работа за 2025 год. како и согласно визијата за еднакво и инклузивно општество и општа благосостојба на сите граѓани преку креирање на родово одговорни и праведни социјални политики на локално и национало ниво.

Согласно Програмските определби главниот фокус од јануари 2025 па сѐ до крајот на годината беше ставен програмските области за еднаквите можности, родовата еднаквост и рамноправност, насилството врз жените, жени, мир и безбедност, и економското јакнење на жените.

### ➢ Учество во Програма за изградба на капацитети на ГО, медиуми и преставници на собраниски служби за реформи во безбедносниот и разузнувачкиот сектор

Организацијата преку свој претставник беше вклучена во Програмата за изградба на капацитети на претставници на граѓански организации за реформи во безбедносниот и разузнувачкиот сектор во Република Северна Македонија спроведувана од страна на ДЦАФ-Женевски центар за реформи во безбедносниот сектор со временска рамка 2021-2026 год. како и во програма ,,Обука за обучувачи.“ Програмата е специјално дизајнирана да ги унапреди капацитетите на граѓанските организации (ГО) и новинарите/медиумските професионалци и на лицата за односи со јавност од надзорните институции. Примарната цел е да ги опреми учесниците со потребните вештини и напредно знаење потребни за ефективно ширење на информации за реформите и управувањето во безбедносниот сектор (РБС), како и за подобрување на механизмите за надзор. Претседателката на организацијата беше вклучена во оваа програма со цел развивање на стручноста на идните обучувачи. Програмата опфати различни теми како следните : евалуација и мониторинг, циклус, нивоа и видови на евалуација, технологијата како предизвик во управувањето и надзорот на безбедносниот сектор, разбирање на различни концепти на дигитални закани, масовно следење, профилирање и демократска контрола, современа технологија за масовен надзор и вештачка интелегенција, важноста на визуелната содржина во обуката, теорија на когнитивно оптоварување, теорија на двојно кодирање, лидерство и мотивација

при спроведување на обуки, емоционална интелегенција при спроведувањето на обуките и сл. Во исто време беше изработена и програма за микроедукација/микроквалификација која во текот на 2026 год. ќе биде понудена на Универзитетот Гоце Делчев во Штип за акредитација и во која специфични модули ќе бидат предавани од страна на обучувачите кои ја имаат поминато обуката за обучувачи.






## ➢ Програма за жени, мир и безбедност

Во рамки на Програмата за жени, мир и безбедност, претставничка на организацијата учествуваше на тркалезна маса за промовирање на женското лидерство и интегрирање на родовата перспектива во спречување на насилен екстремизам и радикализација, поттикнување на отпорност во заедницата и соработка помеѓу институциите и жените лидерки. Истата беше организирана од страна на граѓанската организација Плеиадес.

Исто така претставничка на организацијата зеде учество на настан организиран од страна на Новинари за човекови права во чии рамки се дискутираше за присуството и улогата на жените во градењето и одржување на мирот. Како излезен продукт од оваа тркалезна маса беше изработен Манифест за мир, потпишан од сите организации–учесници на тркалезната маса. Преку Манифестот организациите-потписници меѓудругото побараа:

• Вклучување на жените на сите нивоа на носење одлуки поврзани со мирот, безбедноста и преговарачките процеси • Признавање на женската улога како градителки на отпор и хуманост во најтемните моменти на историјата. • Феминистички пристап кон мирот, кој ги става на прво место животот, правдата, еколошката одржливост и социјалната еднаквост и сл.





Претставничка на организацијата зема учество на вебинар за интегрирање на родовата перспектива во безбедносните институции и претставување на новата публикација на DCAF за родовите обуки во безбедносните институции. Родовата обука често се смета за клучна алатка за промовирање на родовата еднаквост и спроведување на агендата за жени, мир и безбедност. Но, колку е ефикасна, особено во средини кои сè уште се обликувани од традиционално машки норми. Одговори на сите овие прашања беа дадени на вебинарот организиран од страна на DCAF.

Исто така земавме учество и на вебинар на тема ,,Финансирање на агендата на Жени, Мир и Безбедност (WPS) во ерата на зголемување на воените трошоци". Со зголемувањето на глобалните воени трошоци, достигнувајќи рекордни 2,7 трилиони американски долари во 2024 година, се зголемува итноста да се испита како се распределуваат овие ресурси и нивното пошироко влијание врз мирот и безбедноста. На вебинарот се разгледуваа прашања како буџетите за одбрана можат да се преформулираат за да се унапреди агендата за Жени, Мир и Безбедност, каква е улогата на родовото одговорно буџетирање и неговата практична примена, улогата на Парламентот, особено улогата на Парламентарните комисии за одбрана позитивни практики од улогата на феминистичката надворешна политика во унапредување на агендата Жени, мир и безбедност. Вебинарот беше организиран од страна на UN Women и DCAF.

Во рамки на конферениција ,,Род и мир на Балканот : Трасирање на патот напред" која се одржа во Сараево, БиХ, кон крајот на февруари, претседателката на организацијата зема учество како говорник на панел анти-родови движења во регионот на Западен Балкан и го презентираше својот нов труд за анти-родовите движење во Република Северна Македонија. Конференцијата го испитуваше влијанието на војните на Балканот низ призмата на родовата правда, со фокус на начините на кои патријархалните структури го овековечуваат насилството и продолжуваат да ја обликуваат постконфликтна реалност. Триесет години подоцна, феминистички гласови од балканскиот регион и пошироко ќе ги истражат интерсекциите на полот, родот национализмот и градењето мир, нагласувајќи го активизмот и женски отпор. Конференцијата беше организирана од страна на Фондацијата ТПО, во партнерство со Универзитетскиот родов ресурсен центар на Универзитетот во Сараево, Фондацијата ЗАТО и 19 универзитети од Босна и Херцеговина, Хрватска, Србија и Црна Гора.







Во текот на месец октомври спроведовме онлајн кампања за одбележување на 25-годишнината од усвојувањето на Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите нации за Жените, Мирот и Безбедноста, револуционерна резолуција која што го призна женското лидерство за постигнување меѓународен мир и

ЕКВАЛИТИКО Скопје, ул.Шекспирова бр.7/2/5, ++389 70 831-762;
е-маил;ekvalitiko@gmail.com

безбедност и придонесот на жените во спречувањето и решавање на конфликти, одржувањето и градење на мир.

## ➢ Насилство врз жени, родово базирано насилство

Во рамки на програмата за насилство врз жени и родово базирано насилство изработена е анализа „ Твитови, закани и трауми: Дигиталното насилство на онлајн платформите.“ Анализата претставува документ кој преку комбинирана методологија ги опфаќа формите на дигитално насилство и ставовите, перцепциите и искуствата на испитаниците. Преку спроведениот прашалник беа издвоени значајни наоди, меѓу кои и следниве: 28.6% од испитаниците (жени и мажи) изјавиле дека лично биле жртви на некоја форма на дигитално насилство 30.7% од жените кои одговориле на прашалникот биле директни жртви, наспроти 22.2% од мажите. Истражувањето дополнително ги анализира родовата и интерсекциската димензија, влијанието на мажосферата, улогата на вештачката интелигенција како ризик-фактор, како и постојната меѓународна и национална правна рамка. Документот содржи и конкретни препораки за институциите, давателите на услуги и граѓанскиот сектор.
Анализата беше презентирана на регионална конференција за родова правда во Сараево, БиХ, во организација на Фондација ЦУРЕ од 3-7 ноември 2025г.
Исто така во рамки на кампањата 16 дена активизам против родово базираното насилство со цел да се поттикне професионален и јавен дијалог за заштита од дигитално родово базирано насилство организирана е онлајн промоција на анализата на 9 декември 2025. На онлајн презентацијата земаа учество 20 претставници од различни невладини организации од различни општини од државата.







Во текот на годината земавме учество и на вебинар на тема ,,Брзата експанзија за дигиталните технологии и новите форми на родово базирано насилство."Онлајн вебинарот имаше за цел да ја подигне свеста за растечката закана од сексуално насилство на интернет и ги истакна тековните европски дискусии во рамките на Парламентот и Советот на Европа за решавање на ова прашање. Вебинарот беше организиран од страна на Европското женско лоби.

Претставничка на организацијата беше вклучена во работна група за род, мониторинг, евалуација и вештачка интелигенција организирана од страна на Chayn, глобална непрофитна организација, водена од жртви на родово базирано насилство која создава ресурси и дава поддршка за жртвите на родово базирано насилство. Во рамки на оваа работна група земавме учество во неколку вебинари за родово базирано насилство пред сè во делот на феминистички иницијативи за вештачка интелигенција дизајнирани да им овозможат на жртвите на родово базирано насилство да го пријават и да ја отстранат штетната онлајн содржина.




Во текот на годината учествувавме на настан-јавна дебата организиран од страна на Новинари за човекови права на тема „Фемицидот – Невидливото злосторство: Време е за Закон“ на 24 септември 2025. На јавната дебата присуствуваа претставнички и претставници на организации кои работат на темата, претставници од релевантни институции, активистки за човекови права. Целта беше да се поттикне конструктивен дијалог за растечкиот број на фемициди во државата, подобро дефинирање на фемицидот и дефинирање како посебно кривично дело по примерот на земји од Европската унија.

Во рамки на 16 дена активизам против родово базираното насилство заедно со Националната мрежа Жените за жените, Женски форум Тетово и останати членки на мрежата спроведовме онлајн кампања за насилство врз жените и девојките и за останати специфични форми како што се дигиталното насилство, насилството врз жените во политиката.

## ➢ Родова правда и родова еднаквост

Во рамки на регионален проект во Западен Балкан спроведуван од страна на Фондација ЦУРЕ (БиХ) и Глобален фонд за жени (Global Fund for Women) каде претседателката на организацијата е вклучена како членка на Комитетот за евалуација на проектни апликации и мониторинг на спроведување на проекти зедовме учество на Конференција организирана во ноември 2025 во Сараево

(БиХ). Целта на конференцијата беше дискусија за родова правда, состојбата со антиродовите движења во регионот на Западен Балкан, родово базирано насилство со акцент на дигиталното насилство, развој на организирани феминистички движења. Воедно претседателката на организацијата ја презентираше и анализата која беше изработена на тема дигитално насилство на онлајн платформите во Северна Македонија.



Во текот на годината за време на локалните избори во октомври и ноември во соработка со Националната мрежа Жените за жените и Женски форум-Тетово, организиравме национална онлајн кампања за поголем број жени кандидатки за градоначалнички, поголем број избрани градоначалнички и поголем број жени советнички на локално ниво. Исто така организацијата со двајца набљудувачи учествуваше на мониторинг на локалните избори (прв и втор круг) на различни избирачки места во општина Карпош.




Во рамки на меѓународна соработка учествуваме на меѓународна конференција за жени Ромки во Загреб, Република Хрватска од 25 до 29 ноември. Конференцијата беше организирана од страна на организацијата Кали Сара. На истата и претходеше интензивна едногодишна соработка со претставници од организаторот (Кали Сара) и претставници од организации на жени Ромки од регионот и пошироко. Претседателката на организацијата беше вклучена како членка на Организацискиот одбор за подготовка и спроведување на конференцијата. Целта на организацискиот одбор беше покрај подготовка на конференцијата и анализирање на сите јавно достапни национални и регионални документи, стратегии и акциски планови кои се однесуваат на жените Ромки , но и на другите области кои се релеванти на Ромите и интегрирање на родовата перспектива во истите области.



Во текот на годината беше изработена анализа за вклучување на родовата перспектива во програмите на општина Карпош која ги зема во фокус програмата за еднакви можности на жените и мажите, програмата за култура, програмата за спорт и програмата за за детска, социјална и здравствена заштита. Анализата потенцира дека:

Општина Карпош бележи континуитет и унапредување во поглед на вклучување на родовата перспектива во секојдневното работење преку изготвување и спроведување на посебна програма за еднакви можности.
Програмата за еднакви можности на општина Карпош за 2025 има јасно дефинирани приоритетни области, јасно дефинирани активности, целна група за секоја од приоритетните области, јасно утврден буџет и дефинирани очекувани резултати.
Останатите програми (програма за култура и спорт) само делумно ја интегрираат родовата компонента
Сепак програмата за детска, социјална и здравствена заштита ги зема предвид различните потреби на жените и мажите преку неколку различни активности
Програмата идентификува и вклучува различни категории на лица како што се: ранливи лица, лица во социјален ризик, стари лица, мајки со новороденчиња, деца од немнозински заедници кои не вклучени во предучилиштен едукативен процес, лица со посебни потреби, социјално загрозени семејства, штитеници од

домови за стари лица и сл. односно програмата има нагласена компонента на РЕСИ и интерсекциски пристап. Анализата е изработена како дел од финансиска поддршка од Глобален Фонд за жени.




Во текот на годината остварен е работен состанок со координаторката за еднакви можности на општина Карпош и е дискутирано за понатамошна потенцијална соработка на локално ниво.
За време на кампањата 16 дена активизам против родово базирано насилство, претставничка на организацијата учествуваше на јавна дебата за имплементација на Истанбулската конвенција организирана од страна на Комисијата за еднакви можности во Собранието на Република Северна Македонија. Во текот деновите за активизам против родово базираното насилство зедовме учество и на јавна дебата организирана од страна на Здружението до бебе по патот на Инвитро, на која се дискутираше за психолошкото насилство низ кое поминуваат жените кои се соочуваат со репродуктивни предизвици.

## ➢ Економско јакнење на жените

За разлика од 2023 и 2024 кога голем дел од активностите се однесуваа на тематскиот дел економско јакнење на жените, во оваа година помал акцент беше ставен на темата за економско јакнење на жените. Во текот на 2025 год. претставничка на организацијата учествуваше на обука за социјално претприемништво на која се разгледуваа основните принципи на претприемништвото, социјалното претприемништво, изработка на бизнис план-канвас и др. Покрај оваа обука, претставничка на организацијата зема учество на циклус онлајн обуки кои се однесуваа на родовата еднаквост и глобалниот пазар

на капитал. Овие циклус обуки беа организирани од страна на UN Sustainable Stock Exchange Initiative, International Finance Corporation и UN Women. Темите кои беа опфатени се следните: претпријатија водени и основани од жени, корпоративни афирмативни мерки, родови акциски планови во компании. Покарај предавањата следеа и интерактивни активности и практичка работа. Секој учесник се здоби со сертификат.




## ➢ Организациски развој и јакнење на капацитети на членови на организацијата

Во рамки на делот за организациски развој на јакнење на капацитетите на членовите на организацијата, наши членки зедоа учество на повеќе обуки од различен тематски дел организирани од неколку здруженија. Обуките на кои бевме присутни се однесуваа на: застапување и лобирање, комуникација со локалните власти, граѓанско учество во процесите на креирање на политики и донесување одлуки, административно работење, сајбер безбедност, мониторинг и евалуација на проекти и програми, обука за дигитална трансформација на граѓанските организации. Дел од обуките беа организирани од  Женската граѓанска иницијатива Антико, дел од Граѓански ресурсен центар, Фондација Метаморфозис и слично.






Во текот на 2025г. беше изработена веб страна на здружението, а профилот на здружението на социјалната мрежа Фејсбук беше редовно одржуван. Беа изработени интерни организациски докумени како што се: кодекс на однесување, правилник за финансиско и административно работење, правилник за мониторинг и евалуација на проектни активности и програми, правилник за сексуално вознемирување на работно место, правилник за односи и комуникација со медиуми и сл. На почетокот на годината беше изработени програма за работа за 2025г.

- **Вмрежување со останати организации, членство во мрежи и учество на конференции, настани, работни средби**

Во текот на 2025 година, организацијата стана членка на Рурална коалиција, членка на Националната Мрежа Жените за жените и членка на организациите кои се дел од мрежата на грантисти на Глобален фонд за жени. Исто така стана членка на ФАМа (феминистичка антифашистичка мрежа) преку индивидуално членство на претседателката на организацијата во регионалната и националната ФАМа.





Организациски состаноци
Во текот на 2025 г. се одржа редовно годишно собрание, редовни состаноци на извршен одбор како и еден вонреден состанок на ИО.

- **Учество во консултативни состаноци со релеванти иституции**

Оваа година земавме учество на три консултативни состаноци за петтата по ред Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество и Акцискиот план 2025-2028 организирани од страна на Граѓански ресурсен центар и одделението за соработка со невладиниот сектор. Предлог стратегијата беше подготвена врз основа на предлози од ГО и работната група. Во рамки на консултативните состаноци дадовме повеќе свои предлоги и сугестии за акцискиот план од кои неколку беа прифатени.

- **Учество во ТВ прилози, објавени колумни и трудови**

Во текот на 2025 год. претседателката на Здружението учествуваше во медиумски прилози како и беа објавени и неколку колумни во Слободен Печат и во зборници на трудови на Институтот за човекови права, Филозофскиот факултет и сл.